Република Северна Македонија
Основен суд Виница
Су02-10/2019-2
27.03.2019 година
Виница

Друштво за производство, промет и услуги
СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0507-187/2
27.03 2019 год.
СКОПЈЕ

## ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ-ЕКСТРА ЛЕСНО

Склучен на ден 27.03.2019 година, помеѓу:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1.Основен суд Виница, со адреса „Бел Камен“ бр.11, ЕДМ 5126606, ЕДБ 4005945102639 застапуван од Претседателот на судот, Васка Петрова како Договорен орган,

2. ДООЕЛ Супертрејд-Скопје, со седиште на , С -К В К В со ЕМБС ЕД , застапуван од Управителот Ристе Андреевски од С , како Носител на набавката, од друга страна

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 1**

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки - набавка на масло за горење ЕЛ-1, сукцесивно за период од една година за потребите на судот, до 4800 литри максимална количина.

Постапката е спроведена со барање за прибирање на понуди, електронски преку ЕСЈН, со објавување на оглас број 3/2019, како и врз основа на Одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка со број СУ-02-10/19 од 07.03.2019 година и донесената Одлука за избор на најповолна понуда со број Су02-10/2019 од 15.03.2019 година.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 2**

Вкупната вредност на договорот изнесува 305.000,00 денари без пресметан ДДВ.

Фактурирањето на цената за испорачаните количини на гориво ќе се врши согласно цена важечка на денот на испорака, намалена за рабатот постигнат на е-аукција.

Фиксниот процент на намалување на цената понуден по завршената е -аукција изнесува 12,42 % по литар и ќе се користи за намалување на највисоката малопродажната цена без ДДВ за литар определена согласно Одлуката на Регулаторната Комисија за цени на горивата на Р. Македонија во моментот на испораката на горивото.

Износот утврден во ставот 1 на овој член не е обврзувачки и истиот не мора да биде исполнет во целост.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 3**

Времетраењето на договорот престанува со протекот на една година од потпишувањето, во кое траење Набавувачот ќе ги набавува сукцесивно производите од Носителот на набавката.

**НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА**
**Член 4**

Плаќањето на цената за секоја поединична набавка ќе се врши во рок од 60 дена од доставена финансиска документација (фактура) во архивата на Набавувачот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

Република Северна Македонија
Основен суд Виница
Су02-10/2019-2
27.03.2019 година
Виница

**РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА**

**Член 5**

Носителот на набавката, по претходна писмена нарачка, во разумен рок е должен да го испорача горивото до цистерната на Основен суд Виница која е со капацитет од 2 тона, сукцесивно по потреба на Договорениот орган, со сопствено или друго возило специјализирана авто цистерна со електронски уред за мерење на исочената количина на мало за горење ЕЛ-1.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува дека стоката ќе биде во согласност со техничката и финансиската понуда која е дел од договорот за јавна набавка.

Носителот на набавката се обврзува дека квалитетот на стоката ќе биде во согласност со важечките стандарди и прописи и истиот е одговорен за мерењето на испорачаната количина на ЕЛ-1 и одговара за исправноста на вградениот електронски уред за мерење на гориво во специјализираната авто цистерна со која ќе се врши испораката.,

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација ( фактура), во рок утврден во чл.4 од овој договор.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 9**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не можат да ги решат спогодбено во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи ќе ги решава надлежниот суд во Кочани.

**Член 10**

Овој Договор е составен во (4) четири еднообразни примероци од кои по (2) два примерока за секоја страна.

| | |
|---|---|
| **Договорен орган,** | **Носител на набавката,** |
| **Основен суд Виница** | **ДПТУ СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ** |
| **Претседател,** | **Управител,** |
| **Васка Петрова** | **Ристе Андреевски** |